**20242424242**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКОПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Унгарија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 217/24), во членот 1 ставот (1) се менува и гласи:

„Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца се забранува увозот и транзитот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат од следните региони во Република Унгарија:

- Сомоѓ/Somogy;
- Јас-Наѓкун - Солнок/Jász - Nagykun - Szolnok;
- Барања/Baranya;
- Хајду - Бихар/Hajdú - Bihar;
- Комаром - Естергом/Komárom - Esztergom и
- Бач - Кишкун/Bács - Kiskun.“.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-3196/1
22 ноември 2024 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
в.д. Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.